**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-3758/**

# З А П И С Н И К

**Од 221.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 22.06.2023 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац - Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија – Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ, Снежана Клинчарова, м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска **(скајп)**, Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска**(скајп)** и Анита Латифи.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
Горан Атанасов-Директор на заеднички функции и администарација во МРТ и Виолета Димеска-Одделение за планирање и буџет во МРТ.

Седницата почна во 14.10 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Членот Ристе Панов поради некомплетни материјали побара да се повлечат од дневен ред точките 2,3 и 4.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предлогот.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 220.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на План за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2023 година, со пренамена на средства.

3. Разно.

МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
бул.„Гоце Делчев“ бр.18,1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 220.Седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 220.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 220.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
По извршеното гласање се констатира дека записникот од 220.седница на Програмскиот совет на МРТ е едногласно **усвоен**.

**ТОЧКА2:Разгледување и усвојување на План за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2023 година, со пренамена на средства.**
Воведно излагање по оваа точка даде Виолета Димеска од Одделението за планирање и буџет во МРТ која пред присутните обасни дека тековното работење во 2023 година доведе до неопходна потреба од изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2023 година во делот на Инвестицииони набавки со цел да се набави нова и современа опрема која во голема мера ќе го модернизира производството и емитувањето на програмата која во иднина ќе се емитува на ТВ програмските сервиси на МРТ.
Согласно Барањето за пренамена на финансиски средства со архивски број 14-3738/1 од 21.06.2023 година доставено од страна на Директорот на МТВ и на Раководителот на Сектор ТВ Техника во МТВ, а во интерес на обнова и уредување на новите студија и воведување на нови технологии, паралелно со постојната набавка на ЛЕД видео ѕидови, неопходна е итна набавка на Систем за просторно наведување на студиски камери (камера тракинг).
Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Планот за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска радио телевизија за 2023 година со пренамена на средства и даде согласност на истиот.
По расправата Претседателката на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на гласање Планот за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2023 година,со пенамена на средства.

▪**Планот за изменување на годишниот план за јавни набавки на ЈРП Македонска Радио Телевизија за 2023 година, со пренамена на средства** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Планот за изменување на Годишниот план за јавни набавки на ЈРП МРТ за 2023 година со пренамена на средства е едногласно **усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 4:Разно.**
По оваа точка од дневниот ред не се одржа расправа.

Седницата заврши во 15.20 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател